Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира втора јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Дабиља, Општина Струмица со површина од 121.98 Ха.

Планскиот опфат го опфаќа селото Дабиља, Општина Струмица, на подрачјето на КО Дабиља.

Одлуките за организирање на втора јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Втората јавна анкета ќе трае од 31.10.2019 год. до 07.11.2019 год.

Заинтересираните граѓани и правни лица, своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Втората јавна презентација ќе се одржи во просториите на „Дом на култура” с.Дабиља на ден 01.11.2019 година во 11:00 часот.

Бр.09-8089/4
25.10.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски